РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 01- 689/1
19.06 2018 год.
СКОПЈЕ

Архивски знак
Рок на чување ____ год.
____ 20__ год.
Потпис,

Врз основа на Законот за вработени во јавен сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/2018), Законот за култура (Сл.весник на РМ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18) и член 28 став 2 точка 21 и член 21 став 1 точка 14 од Статутот на НУ Кинотека на Македонија, на предлог на в.д. директорот, Управниот одбор на седницата одржана на 19.06.2018 година го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

## за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар во НУ Кинотека на Македонија

**Член 1**

Со овој Правилник се пропишува пополнувањето на работните места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар во НУ Кинотека на Македонија (во натамошниот текст Кинотека)

**Член 2**

(1) Пополнување на работните места за давателите на јавни услуги и лицата од помошно-технички кадар во Кинотеката се врши преку спроведување на постапка за:

- вработување,
- унапредување и
- мобилност преку распоредување или преземање.

Постапката за вработување започнува со објавување на јавен оглас, по што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат за работното место и истиот заснова работен однос во Кинотеката.

Постапката за унапредување започнува со објавување на интерен оглас, по што во транспарентна, фер и конкурентна постапка на селекција се избира најдобриот кандидат од редот на вработените во Кинотеката и истиот преминува на работно место од повисоко ниво.

Постапката за мобилност се спроведува во транспарентна и фер постапка на распоредување, односно преземање на вработен на работно место во исто ниво во истата или друга установа согласно Законот за вработените во јавниот сектор.

Постапките за пополнување на работно место од ставот (1) на овој член се спроведуваат по претходно добиена согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии.

**Член 3**

(1) За пополнување на работно место за давателите на јавни услуги и лицата од помошно-технички кадар во Кинотеката кандидатот треба да ги исполни следните општи услови:

- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

Покрај општите услови за пополнување на работно место за давателите на јавни услуги и лицата од помошно-технички кадар во Кинотеката од ставот (1) на овој член, кандидатот треба да ги исполни и посебните услови утврдени во актот за систематизација на работните места во Кинотеката, како:

- да има соодветни стручни квалификации потребни за работното место,
- да има соодветно работно искуство потребно за работното место и
- да поседува други посебни работни компетенции потребни за работното место, согласно актот за систематизација на работните места и колективен договор.

**Член 4**

За започнување на постапка за вработување на давателите на јавни услуги и лицата од помошно-технички кадар во Кинотеката, директорот на Кинотеката согласно со годишниот план за вработување на Кинотеката донесува одлука за објавување на јавен оглас.

Работен однос за даватели на јавни услуги и лицата од помошно-технички кадар во Кинотеката се заснова на неопределено време, освен во случаи утврдени со закон.

**Член 5**

Јавниот оглас за вработување се објавува на веб страницата на Кинотеката и во најмалку три дневни весника, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Во јавниот оглас се назначува категоријата, нивото и условите за пополнување на работното место.

Рокот за пријавување на јавниот оглас не може да биде пократок од 15 дена од денот на неговото објавување во дневните весници.

Кандидатите за вработување доставуваат до Кинотеката пријава и докази дека ги исполнуваат условите од јавниот оглас.

**Член 6**

Директорот на Кинотеката со решение формира Комисија за постапка за вработување.

Комисијата за постапка за вработување е составена од тројца раководни вработени и тоа: претседател и два члена, како и нивни заменици.

Согласно Законот за култура во установа во која нема раководни вработени лица членовите на комисијата за постапка за вработување се определуваат од Министерството за култура.

**Член 7**

Постапката за селекција за вработување се состои од административна селекција за проверка на веродостојноста на доставените податоци и доказите доставени на јавниот оглас и интервју .

Кандидатите кои успешно ја поминале постапката на веродостојност на докази имаат право да продолжат на интервју.

На интервјуто преку прашања (писмен и устен дел) се проверуваат компетенциите потребни за категоријата и нивото на која припаѓа работното место.

Кандидатите кои ќе го поминат писмениот дел се повикуваат на устен дел.

Во рок од три дена Комисијата подготвува и до директорот на Кинотеката доставува предлог кандидат.

**Член 8**

(1) Директорот на Кинотеката во рок од пет дена од денот на добивањето на предлог - кандидатот од Комисијата е должен да донесе одлука за избор.

Одлуката за избор се доставува до кандидатите и се објавува на Веб - страницата и на огласната табла на Кинотеката.

Против одлуката од ставот (1) на овој член незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Управниот одбор на Кинотеката.

**Член 9**

(1) Во рок од пет дена од конечноста на одлуката за избор, директорот на Кинотеката, носи решение за вработување и со избраниот кандидат склучува договор за вработување.

(2) На избраниот кандидат му се врачува решението, односно договорот, му се обезбедува пристап до актите за внатрешна организација и систематизација на Кинотеката и други релевантни акти, за што тој потпишува потврда за прием која се чува во неговото досие.

**Член 10**

(1) Постапката за унапредување има за цел да им овозможи на давателите на јавни услуги и лицата од помошно - технички кадар во Кинотеката кариерно напредување, односно преминување од пониски, на повисоки работни места.

(2) Унапредувањето на давателите на јавни услуги и лицата од помошно - технички кадар во Кинотеката се врши во транспарента, фер и конкурентска постапка на селекција, во која врз основа на оценката за ефектот, стручноста и компетентноста на кандидатите, се избира најдобриот кандидат за работното место од редот на вработените од страна на Комисија за селекција за постапка за унапредување на даватели на јавна услуга и лица од помошно - технички кадар во Кинотеката по пат на интерен оглас.

(3) По исклучок на ставот (2) на овој член, давателите на јавни услуги во Кинотеката од категоријата Д нивоа Д1 и Д2 можат да се унапредат во постапка на реизбор во стручни звања согласно со законот за вработени во јавен сектор и законите од областа на заштитата на културното наследство.

**Член 11**

Давателите на јавни услуги и лицата од помошно - технички кадар во Кинотеката имаат право на стручно усовршување, за што директорот на Кинотеката донесува план за

континуиран професионален развој. За стручното усовршување можат да бидат предвидени обуки и менторство.

**Член 12**

Мобилноста е хоризонтално движење на вработен од едно на друго работно место во рамките на истата група на работни места, утврдена со законот за вработени во јавен сектор.

Мобилноста се врши преку распоредување, односно преземање на вработениот на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое вработениот ги исполнува општите и посебните услови утврдени во актот за систематизација на работни места во Кинотеката во која се распоредува или презема.

Мобилноста се врши без објавување на интерен, односно јавен оглас.

**Член 13**

(1) Вработениот во јавниот сектор, на негово барање или по потреба на Кинотеката може да биде трајно распореден на друго работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани со актот за систематизација, за што раководното лице на Кинотеката носи решение за негово распоредување во Кинотеката.

(2) Вработениот во јавниот сектор, на барање на друга институција, заради времено зголемен обем на работа, може да биде времено распореден на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани со актот за систематизација на другата институција.

(3) Распоредувањето од ставот (2) на овој член се врши по претходна писмена согласност на вработениот и на раководните лица во институциите, а решението за времено распоредување за времетраење од најмалку еден месец, а најмногу една година, го носи раководното лице во институцијата во која истиот е вработен.

(4) Работното место на кое се распоредува вработениот од ставовите (1) и (2) од овој член не смее да биде оддалечено повеќе од 50 километри од работното место на кое истиот бил вработен пред распоредувањето.

**Член 14**

(1) Вработениот во јавниот сектор, на негово барање, по потреба на институцијата во која е вработен или по потреба на друга институција, може да биде трајно преземен на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани со актот за систематизација на другата институција, ако за тоа се согласат вработениот и раководните лица на двете институции, а по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот.

(2) Заради потребите за мобилност на вработените во јавниот сектор, Министерството за информатичко општество и администрација подготвува и води трансфер - листи на можни преземања.

(3) Институција која се укинува, трансформира или чија надлежност се намалува е должна да поднесе листа на вработени чии работни места се укинуваат, а кои

Министерството за информатичко општество и администрација ги внесува во листата од ставот (2) на овој член.

(4) Вработениот чие место се укинува се евидентира на листата од ставот (2) на овој член и може да биде преземен во друга институција, на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани со актот за систематизација, ако за тоа се согласат вработениот и раководнато лице на другата институција, а по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот.

(5) Институцијата во која се презема вработениот од ставовите (1) и (4) на овој член не смее да биде оддалечена повеќе од 50 километри од институцијата во која истиот бил вработен пред преземањето.

(6) Ограничувањето од ставот (5) на овој член не важи доколку преземањето е на барање на вработениот.

(7) На вработениот кој нема да ја потпише понудената спогодба од ставот (4) на овој член во рок од 5 дена од датумот на кој му е доставена, му престанува работниот однос.

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Национална установа Кинотека на Македонија
Управен одбор
Претседател,
Томислав Османли

Министерството за информатичко општество и администрација ги внесува во листата од ставот (2) на овој член.

(4) Вработениот чие место се укинува се евидентира на листата од ставот (2) на овој член и може да биде преземен во друга институција, на работно место на исто ниво, односно на работно место за кое ги исполнува општите и посебните услови пропишани со актот за систематизација, ако за тоа се согласат вработениот и раководнато лице на другата институција, а по претходна согласност на Министерството за информатичко општество и администрација и органот надлежен за давање на согласност на годишниот план за вработување на институцијата во однос на буџетот.

(5) Институцијата во која се презема вработениот од ставовите (1) и (4) на овој член не смее да биде оддалечена повеќе од 50 километри од институцијата во која истиот бил вработен пред преземањето.

(6) Ограничувањето од ставот (5) на овој член не важи доколку преземањето е на барање на вработениот.

(7) На вработениот кој нема да ја потпише понудената спогодба од ставот (4) на овој член во рок од 5 дена од датумот на кој му е доставена, му престанува работниот однос.

**Член 15**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Национална установа Кинотека на Македонија
Управен одбор
Претседател
Томислав Османли